

ИЗДАНИЕ БР.41, МЕСЕЦ
ЈУНИ И ЈУЛИ 2022

# КАВ'ДАРЕЧКИ ИНФОРМАТОР

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ВО СКЛОП НА ПРОЕКТОТ ПРЕКУ КФВ БАНКА И ЈП КОМУНАЛЕЦ, Е ПОСТАВЕНА АТМОСФЕРСКА ЛИНИЈА НА ВТОРАТА ДЕЛНИЦА НА УЛ. „ВАРДАРСКА" .
ИЗВЕДУВАЧ Е ФИРМАТА ЖИКОЛ.



РЕКОНСТРУИРАНА ФАСАДАТА НА ЗГРАДИТЕ НА УЛ. 7МИ СЕПТЕМВРИ БР.70 И 72 . ИЗВЕДУВАЧ Е ФИРМАТА АВТОМАТСКО ТЕХНОЛОШКИ СИСТЕМИ ДООЕЛ СКОПЈЕ .



ЗАВРШИ РЕКОНСТРУКЦИЈАТА НА О.О.У „ДИМКАТА АНГЕЛОВ ГАБЕРОТ" КАВАДАРЦИ, ПОДРАЧНО УЧИЛИШТЕ ВО СЕЛО СОПОТ.
СЕ ИЗВРШИЈА ГРАДЕЖНИ АКТИВНОСТИ КОИ ОПФАТИЈА ЦЕЛОСНО РЕНОВИРАЊЕ НА УЧИЛИШТЕТО, ПОСТАВУВАЊЕ НА НОВ ПОД ВО СИТЕ УЧИЛНИЦИ, НОВИ ВРАТИ,РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЅИДОВИ, ПЛАФОНИ И ХОДНИЦИ
КОМПЛЕТНО Е ПРОМЕНЕТА ЦЕЛА ЕЛЕКТРИЧНА ИНСТАЛАЦИЈА И ПОСТАВЕНО Е НОВО ЕНЕРГЕТСКО ЕФИКАСНО ОСВЕТЛУВАЊЕ, НОВИ ТОАЛЕТИ, И ТОАЛЕТИ ЗА ЛИЦА СО ПОСЕБНИ ПОТРЕБИ.
НАПРАВЕНА Е ЦЕЛОСНА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ПОДРУМСКИТЕ ПРОСТОРИИ НА УЧИЛИШТЕТО.
СО ОВА УЧЕНИЦИТЕ ВО СЕЛО СОПОТ ЌЕ ДОБИЈАТ СОВРЕМЕНО, ЕНЕРГЕТСКИ ЕФИКАСНО УЧИЛИШТЕ ВО КОЕ СЕ ОСТВАРУВА ВОСПИТНО ОБРАЗОВЕН ПРОЦЕС СОГЛАСНО НАЈСОВРЕМЕНИТЕ СТАНДАРДИ.



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

РАЗУБАВУВАЊЕТО НА КАВАДАРЦИ, ПРОДОЛЖУВА.РЕКОНСТРУИРАНИ ФАСАДИ НА УЛ. „29ТИ НОЕМВРИ" ИЗВЕДУВАЧ Е ФИРМАТА ГРАДБА ПРОМЕТ





ПОСТАВЕНА Е УРБАНА ОПРЕМА - КЛУПИ, НА ПОВЕЌЕ ЛОКАЦИИ НИЗ ГРАДОТ.
СЕ МОНТИРАА 96 КЛУПИ .
ИЗВЕДУВАЧ Е ЗД ГОРАН ИЛИЈА ТЕМКОВ КАВАДАРЦИ.

ЗАПОЧНА АСФАЛТИРАЊЕТО НА УЛ. „ИНДУСТРИСКА" СО НОВ СЛОЈ АСФАЛТ БЕТОН АВ 11 НА ПОВРШИНА ОД 3600 М2



ПОПЛОЧУВАЊЕ НА КРАК ОД 140 КВАДРАТИ ОД УЛ. „БРАЌА ХАЏИ ТЕФОВИ" ОТКАКО ПРЕТХОДНО БЕШЕ ИЗВРШЕНА ЕКСПРОПРИЈАЦИЈА И УРИВАЊЕ НА СКЛОНОПАДЕН ОБЈЕКТ ЗА ДА СЕ ОВОЗМОЖИ ПРИСТАП ДО КУЌИТЕ НА 5 СЕМЕЈСТВА.
ИЗВЕДУВАЧ Е ФИРМАТА ПАВЕР ТРЕЈД.



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ПО ИНИЦИЈАТИВА НА МЕСНАТА ЗАЕДНИЦА БЕГНИШТЕ БЕШЕ ИЗВРШЕНО ТАМПОНИРАЊЕ НА ПАТОТ, ОД СЕЛОТО ДО МАНАСТИРОТ „СВ. АТАНАСИЈ" КАДЕ БЕА ДОНЕСЕНИ И ПРИБЛИЖНО 100 М2 БЕХАТОН КОЦКИ ЗА ДВОРОТ НА МАНАСТИРОТ. СЕТО ОВА Е ОВОЗМОЖЕНО БЛАГОДАРЕНИЕ НА ДОНАЦИИТЕ ОД ОПШТЕСТВЕНО ОДГОВОРНИТЕ КОМПАНИИ ВО КАВАДАРЦИ И ТОА: СЛОГА ПРОМЕТ, ГРАДБА ПРОМЕТ, ИНТЕР ПРОЕКТ ДИЗАЈН И АС-МАШИНИ. ЖИТЕЛИТЕ НА БЕГНИШТЕ ИЗРАЗИЈА ГОЛЕМА БЛАГОДАРНОСТ ДО ЈП КОМУНАЛЕЦ И ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ ОД КОИ ПАК БЕШЕ ДОНИРАНА МЕХАНИЗАЦИЈАТА.,





ПО БАРАЊЕ НА МЕСНА ЗАЕДНИЦА БОХУЛА, СЕ ИСВРШИ САНАЦИЈА И ТАМПОНИРАЊЕ НА ПАТОТ ВО СЕЛОТО. ИНВЕСТИЦИЈАТА Е ДОНАЦИЈА ОД ФИРМАТА ЈА-МИ.

ДЕНОВИВЕ НА 10 ЛОКАЦИИ ВО ГРАДОТ СЕ ПОСТАВЕНИ 14 ЈАВНИ ТОАЛЕТИ ВО КОИ РЕДОВНО ЌЕ СЕ ОДРЖУВА ХИГИЕНАТА, НО И НА КОИ СЕ ИСТАКНАТИ ЕДУКАТИВНИ ПОРАКИ ЗА ГРАЃАНИТЕ, СО ЦЕЛ ЗАЕДНО ДА ПРИДОНЕСЕМЕ ЗА ЈАВНАТА ХИГИЕНА И ЧИСТОТА ВО ГРАДОТ

2 НА „ГРАДСКИ ПЛОШТАД" КАВАДАРЦИ
2 НА „СПОРТСКИ ЦЕНТАР ЈАСМИН"
2 НА ЦРКВА „СВЕТА ПЕТКА"
2 НА ГРАДСКИ ПАРК „ЂУПЧО ШКАРТОВ"
1 НА УЛ. „ИЛИНДЕНСКА" СТАР КРУЖЕН ТЕК
1 НА УЛ. „7МИ СЕПТЕМВРИ" - ПОРТОКАЛ
1 ПРЕД УЛ, „КИРО КРСТЕВ" ПРЕД ТАСКА
1 НА ПАРК „ПОЛАНА"
1 НА УЛ. „ДИМКАТА АНГЕЛОВ ГАБЕРОТ"
1 НА УЛ. „СТРАШО ПИНЏУР" - ВАТАША



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

КРПЕЊЕ НА 2.300 М2 УДАРНИ ДУПКИ НА УЛИЦИТЕ И ЛОКАЛНИТЕ ПАТИШТА ВО ОПШТИНА КАВАДАРЦИ.
ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА ОСД КИРИЛ ОД СКОПЈЕ



ПОСТАВЕНА АТМОСФЕРСКА ЛИНИЈА НА УЛ. „ВАРДАРСКА".
ИЗВЕДУВАЧ Е ФИРМАТА ЖИКОЛ.





РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА НА УЛИЦИТЕ: „ФУШТАНИ" „ЃУРО ЃАКОВИЌ" „КРСТЕ МИСИРКОВ" „7МИ СЕПТЕМВРИ" И ВО СЕЛО РАЕЦ.



ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА КОНТРОЛА И НЕПРАВИЛНОСТИ ПРИ СНАБДУВАЊЕТО СО ВОДА ОД ЈП КОМУНАЛЕЦ, АКТИВНО НА ТЕРЕН. СЕ РАБОТИ НА ОТКРИВАЊЕ НА ДИВИ ПРИКЛУЧОЦИ, ЕВЕНТУАЛНИ КРАЖБИ И ДРУГИ НЕПРАВИЛНОСТИ ПРИ КОРИСТЕЊЕТО НА ВОДАТА, КАКО И ДЕТЕКЦИЈА НА ЗАГУБИ ОД МЕХАНИЧКИ ОШТЕТУВАЊА ИЛИ ДОТРАЈАНОСТ НА ЛИНИИТЕ, ШТО ЌЕ ПРИДОНЕСЕ ЗА СТАБИЛНО ВОДОСНАБДУВАЊЕ НА СИТЕ КОРИСНИЦИ ВО ОПШТИНА КАВАДАРЦИ.

# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ТЕРЕНОТ НА СПОРТСКИ ЦЕНТАР ЈАСМИН. ЌЕ СЕ ПОСТАВУВА СИСТЕМ ЗА НАВОДНУВАЊЕ, ДРЕНАЖА И ЦЕЛОСНА ЗАМЕНА НА ТРЕВАТА.
РЕКОНСТРУКЦИЈАТА НА СПОРТСКИОТ ЦЕНТАР ЈАСМИН И ТЕРЕНОТ ВО СЕЛО МАРЕНА, КОЈА ОПФАЌА ОБРАБОТУВАЊЕ СО ЗЕМЈЕНИ РАБОТИ, ПОДЗЕМЕН СИСТЕМ ЗА НАВОДНУВАЊЕ И ДРЕНАЖА, НАВИЛИРАЊЕ И САДЕЊЕ НА НОВА ТРЕВА. ПО ОВАА РЕКОНСТРУКЦИЈА СЛЕДУВА ИСТА И НА ТЕРЕНИТЕ ВО ВАТАША, ГЛИШИЌ И ДРЕНОВО .





АСФАЛТИРАНА Е УЛ. „ДИСАНСКА" ВО ДОЛЖИНА ОД 325 МЕТРИ, И ЌЕ СЕ ВРШИ ПРОШИРУВАЊЕ НА КОЛОВОЗОТ ВО ШИРИНА ОД 8,5 МЕТРИ

РЕКОНСТРУИРАН РЕГИОНАЛНИОТ ПАТ ДО СЕЛО ДРЕНОВО, ВО ДОЛЖИНА ОД 3 КИЛОМЕТРИ И ШИРИНА ОД 5 МЕТРИ.
СРЕДСТВАТА СЕ ОБЕЗБЕДЕНИ ОД ТАВ ПРОГРАМАТА, А ПОДИЗВЕДУВАЧ Е ГРАДБА ПРОМЕТ.



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

НА УЛИЦАТА „7-МИ СЕПТЕМВРИ" Е КОМПЛЕТНО СЕ РЕКОНСТРУИРАНА ВОДОВОДНАТА ЛИНИЈА, КАКО И АТМОСФЕРСКАТА И ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА. ИСТАТА Е ВО СКЛОП НА ПРОЕКТОТ ОД ГЕРМАНСКАТА КФВ БАНКА ВО СОРАБОТКА СО ОПШТИНА КАВАДАРЦИ И ЈП КОМУНАЛЕЦ .





ПАТОТ ЗА СЕЛО ШЕШКОВО БЕШЕ КОЈ БЕШЕ НЕПРООДЕН, НО СО БРЗА ИНТЕРВЕНЦИЈА И ДОНАЦИЈА ОД ФИРМАТА ЈА-МИ ИСТИОТ Е САНИРАН И ПРООДЕН ЗА СИТЕ ВОЗИЛА.

КАВАДАРЦИ Е МЕЃУ ПРВИТЕ ОПШТИНИ КОЈА ВЕЌЕ ЗАПОЧНА СО РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТОТ „ПОСТАВУВАЊЕ НА ФОТОНАПОНСКИ ПАНЕЛИ НА 10 ЈАВНИ ОПШТИНСКИ ОБЈЕКТИ СО ВКУПНА ИНСТАЛИРАНА МОЌ ОД 19,2 КИЛОВАТИ НА ЧАС" ПОКРАЈ ОПШТИНСКАТА ЗГРАДА, О.О.У „ДИМКАТА АНГЕЛОВ ГАБЕРОТ",С.О.У ГИМНАЗИЈА „ДОБРИ ДАСКАЛОВ" СЕ ПОСТАВИЈА И ВО С.О.У „ТОДЕ ХАЏИ ТЕФОВ" КАВАДАРЦИ, И С.О.У. „ДИМКАТА АНГЕЛОВ ГАБЕРОТ" ВАТАША, ПА СЛЕДУВААТ И ОСТАНАТИТЕ КОИ СЕ ПЛАНИРАНИ.
ПРОЕКТНИТЕ АКТИВНОСТИ ЌЕ ДОВЕДАТ ДО ГОЛЕМИ ЗАШТЕДИ ВО БУЏЕТИТЕ НА УЧИЛИШТАТА СО ШТО ВО ГОЛЕМА МЕРА ЌЕ ПРИДОНЕСЕ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ИДНИ ПРОЕКТИ.



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ



ОДРЖАНА ПРАКТИЧНА ОБУКА НА ДЕЛ ОД ЧЛЕНОВИТЕ НА ДПД НА ТЕМА ПОСТАВУВАЊЕ НА ЛИНИЈА СО П.П ЦРЕВА Ф52 И НАЧИН НА ПРИСТАП ЗА ГАСНЕЊЕ НА ПОЖАР.

ВО РАМКИТЕ НА „ПРОЕКТОТ ЗА ПОВРЗУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА" Е АСФАЛТИРАНА И ВТОРАТА КОЛОВОЗНА ЛЕНТА НА „ЗАПАДЕН БУЛЕВАР" КОЕ Е ВО ДОЛЖИНА ОД 609 МЕТРИ И СО КОЕ СЕ ОПФАТЕНИ ДВЕТЕ КОЛОВОЗНИ ЛЕНТИ.





ПОСТАВЕНИ СЕ 4 ЛЕГНАТИ ПОЛИЦАЈЦИ НА УЛ. „МЕТОДИЈА ЏУНОВ ЏИКОТ" И ПАРАЛЕЛНО СЕ ПРОДОЛЖУВА СО ОБЕЛЕЖУВАЊЕ НА КОМПЛЕТНА ВЕРТИКАЛНА И ХОРИЗОНТАЛНА СИГНАЛИЗАЦИЈА НА ПОВЕЌЕ ЛОКАЦИИ ВО ГРАДОТ.

ПОПЛОЧУВАЊЕ НА КРАК ОД УЛ. „16-ТИ ЈУНИ" НА ПОВРШИНА ОД 350М2 ОД ПРОГРАМА НА КОМУНАЛНА ИЗГРАДБА ЗА 2022 ГОДИНА, ПО ПРЕТХОДНА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА ОД СТРАНА НА ЈП КОМУНАЛЕЦ.



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ПРОДОЛЖУВА ВТОРАТА ФАЗА ОД РЕКОНСТРУКЦИЈАТА НА ЗАПАДЕН БУЛЕВАР (КОЊСКИ ДУПКИ). НОВОПРОБИЕНИОТ ПАТ ЌЕ ГО СПОИ ЗАПАДЕН БУЛЕВАР ОД КАВАДАРЕЧКИ ДО ЖЕЛКОВ ДОЛ ВО ДОЛЖИНА ОД 600 МЕТРИ, КОЛОВОЗ ОД 3,5 МЕТРИ ЗА СЕКОЈА КОЛОВОЗНА ЛЕНТА И 1,5 МЕТАР ТРОТОАР. ВКУПНАТА АСФАЛТИРАНА ПОВРШИНА ЌЕ ИЗНЕСУВА 4700 М2, ПОПЛОЧУВАЊЕ ОД 1900 М2 И ОСВЕТЛУВАЊЕ. ДА ПОТСЕТИМЕ ДЕКА ПРЕТХОДНО БЕШЕ ПОСТАВЕНА ВОДОВОДНА, ФЕКАЛНА И АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА.
ИЗВЕДУВАЧ Е ГРАДБА ПРОМЕТ





ПОПЛОЧУВАЊЕ И ПРОШИРУВАЊЕ НА ТРОТОАР ОД ЛЕВА И ДЕСНА СТРАНА НА УЛ. „ДЕШКА ТОШЕВА", НА ПОВРШИНА ОД 200М2.
ИЗВЕДУВАЧ Е ПАВЕР ТРЕЈД

ПРОДОЛЖУВА РЕКОНСТРУКЦИЈАТА НА ФАСАДИ НА СТАНБЕНИ ЗГРАДИ ВО КАВАДАРЦИ. ОВОЈ ПАТ НА УЛ. „БЛАЖО АЛЕКСОВ" БР.1, А ИЗВЕДУВАЧ Е ФИРМАТА АВТОМАТСКО ТЕХНОЛОШКИ СИСТЕМИ ДООЕЛ СКОПЈЕ И Н А УЛИЦАТА „ИЛИНДЕНСКА" БР. 32 И 81







# НАСТАНИ





ВО ПРОСТОРИИТЕ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ ОСТВАРИ СРЕДБА СО ОКОЛУ 20 УЧЕНИЦИ ОД ОЛШТИН, ПОЛСКА КОИ ВО РАМКИТЕ НА МЛАДИНСКА РАЗМЕНА ПРЕКУ ЕРАЗМУС ПЛУС ПРОГРАМАТА ЧИЈ ДОМАЌИН Е ОПШТИНСКОТО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ „ТОШО ВЕЛКОВ ПЕПЕТО", ПРЕСТОЈУВААТ ВО НАШИОТ ГРАД.
СО СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОЕКТОТ „ЕКОЛОГИЈА СЕКОЈ ДЕН" ТИЕ ДЕНОВИВЕ УЧЕСТВУВААТ ВО МНОГУ ЕКОЛОШКИ АКТИВНОСТИ И АКТИВНОСТИ ВО УЧИЛИШТЕТЕТО ЗАЕДНО СО УЧЕНИЦИТЕ КАЈ КОИ ПРЕСТОЈУВААТ.
ТИЕ ПОСЕТАТА НА КАВАДАРЦИ ЈА ИСКОРИСТИЈА ДА СЕ ЗАПОЗНААТ И СО НАДЛЕЖНОСТИТЕ, ПОСТАВЕНОСТА И РАБОТАТА НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ И ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА.

ООУ „ДИМКАТА АНГЕЛОВ ГАБЕРОТ„ КАВАДАРЦИ ГО ОДБЕЛЕЖА ПАТРОНИОТ ПРАЗНИК.



ЛИЦАТА СО ПОСЕБНИ ПОТРЕБИ И ФОЛКЛОРНИТЕ АНСАМБЛИ ОД ВЕЛЕС, ШТИП, НЕГОТИНО И КАВАДАРЦИ СО ЗАЕДНИЧКИ КОНЦЕРТ ВО ДОМ НА КУЛТУРА "ИВАН МАЗОВ - КЛИМЕ" КАВАДАРЦИ СЕ ОДДРЖА ФОЛКЛОРЕН ФЕСТИВАЛ НАСЛОВЕН КАКО "ФАТЕНИ ЗА РАЦЕ ГО МЕНУВАМЕ СВЕТОТ". СТАНУВА ЗБОР ЗА ФЕСТИВАЛ НА ЛИЦА СО ПОСЕБНИ ПОТРЕБИ ПОТПОМОГНАТИ ОД ФОЛКЛОРНИТЕ АНСАМБЛИ ОД ПОВЕЌЕ ГРАДОВИ. УЧЕСНИЦИТЕ СЕ ОД ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ ЗА ДЕЦА СО ПОСЕБНИ ОБРАЗОВНИ ПОТРЕБИ "МАЦА ОВЧАРОВА" ВЕЛЕС И КУД "КОЛЕ НЕДЕЛКОВСКИ" ВЕЛЕС, СРЕДНОТО УЧИЛИШТЕ ЗА ДЕЦА СО ПОСЕБНИ ОБРАЗОВНИ ПОТРЕБИ "ИСКРА" ШТИП И КУД "РИСТО ДОНЕВ - УЧИТЕЛОТ" ШТИП, ДНЕВЕН ЦЕНТАР ЗА ЛИЦА СО ПОСЕБНИ ПОТРЕБИ НЕГОТИНО И КУД "ЈАНЕ САНДАНСКИ" НЕГОТИНО И ПОСЕБНАТА ПАРАЛЕЛКА ПРИ ОУ "СТРАШО ПИНЦУР" КАВАДАРЦИ И ФОЛКЛОРНИОТ АНСАМБЛ "ТИКВЕШ" КАВАДАРЦИ. ФЕСТИВАЛОТ Е ПОДДРЖАН ОД ДОМ НА КУЛТУРА "ИВАН МАЗОВ - КЛИМЕ" КАВАДАРЦИ, ОУ "СТРАШО ПИНЦУР" КАВАДАРЦИ И ГРАДОНАЧАЛНИКОТ И СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ.



# НАСТАНИ

ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ ОДРЖА СОСТАНОК СО ЧЛЕНОВИТЕ НА КОМИСИЈАТА ЗА ОТВАРАЊЕ НА НОВИ ГРАНИЧНИ ПРЕМИНИ НА МАКЕДОНИЈА СО СОСЕДНИТЕ ДРЖАВИ. СЕ РАЗГОВАРАШЕ ЗА ИДНИТЕ ЧЕКОРИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ГРАНИЧНИОТ ПРЕМИН ПУЉЕВАЦ, ПО ШТО СЕ ИЗВРШИ ПОСЕТА НА ТЕРЕНОТ МАЈДЕН - ПУЉЕВАЦ И СЕ РАЗГЛЕДУВАА ПАТНАТА ИНФРАСТРУКТУРА И ТЕРЕНСКИТЕ УСЛОВИ.
СЛЕДНАТА СРЕДБА Е ЗАКАЖАНА ЗА ДВЕ НЕДЕЛИ, КОГА ЌЕ СЕ СРЕТНАТ ЕКСПЕРТСКИТЕ ТИМОВИ НА ДВЕТЕ ДРЖАВИ МАКЕДОНИЈА И ГРЦИЈА, СО ЦЕЛ ЗАБРЗУВАЊЕ НА ПРОЦЕСОТ ЗА ОТВАРАЊЕ НА ОВОЈ ГРАНИЧЕН ПРЕМИН.







ОПШТИНА КАВАДАРЦИ Е МЕЃУ ПРВИТЕ К ОЈА ВЕЌЕ ЗАПОЧНА СО РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТОТ
ОТВОРЕНО КАВАДАРЕЧКОТО КУЛТУРНО ЛЕТО
СО МУЗИЧКА ПРОГРАМА НАЈАВЕНИ ГОЛЕМ БРОЈ НА КУЛТУРНИ НАСТАНИ.

# НАСТАНИ

ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ ОСТВАРИ СРЕДБА СО ПРЕТСЕДАТЕЛОТ И ПРЕТСТАВНИЦИ НА РОТАРИ КЛУБОТ КАВАДАРЦИ, ВО ПРИДРУЖБА НА ROTARY DISTRICT 1912 (РОТАРИ ДИСТРИКТ 1912) СЛОВЕНИЈА И МАКЕДОНИЈА, ГУВЕРНЕРОТ Г-ДИН ДУШАН ПЕТЕРКОВИЧ И КООРДИНАТОРОТ НА СОЈУЗОТ НА РОТАРИ КЛУБОВИ НА МАКЕДОНИЈА, Г-ДИН САШКО ЦЕЛАКОВСКИ. НА СОСТАНОКОТ СЕ РАЗГОВАРАШЕ ЗА ДОСЕГАШНАТА СОРАБОТКАТА НА РК КАВАДАРЦИ И ОПШТИНА КАВАДАРЦИ. ЗА СЛЕДНИОТ ПЕРИОД СЕ НАЈАВИ РЕАЛИЗАЦИЈА НА УШТЕ НА ДВА ПРОЕКТИ ВО ОБЛАСТА НА ЕКОЛОГИЈАТА ПОСТАВУВАЊЕ НА ТАБЛИ СО ЕКОЛОШКИ ПОРАКИ КАКО И КРЕИРАЊЕ НА ДЕНДРО ПАРК КАВАДАРЦИ СО ВРЕДНОСТ ОД 300.000 ДЕНАРИ КОЈ ЌЕ БИДЕ РЕАЛИЗИРАН ВО ПАРКОТ НА РЕВОЛУЦИЈАТА СО ЦЕЛОСНА ПОДРШКА НА РОТАРИЈАНЦИТЕ, А ЌЕ БИДЕ ПРВ ЗАЕДНИЧКИ МЕЃУНАРЕДЕН ПРОЕКТ НА ЗБРАТИМЕНИТЕ РОТАРИ КЛУБ МЕДАНА – ГОРИШКА, СЛОВЕНИЈА И РОТАРИ КЛУБ КАВАДАРЦИ.




ПРЕД СПОМЕНИКОТ НА ДВАНАЕСЕТТЕ ВАТАШКИ МЛАДИНЦИ, ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ ЗАЕДНО СО ЧЛЕНОВИ НА НИВНИТЕ СЕМЕЈСТВА, СОВЕТНИЦИ ОД ОПШТИНСКОТО СОБРАНИЕ, ПРАТЕНИЦИ И ДРУГИ ДЕЛЕГАЦИИ, ДОСТОЈНО ЈА ОДБЕЛЕЖАА 79 ГОДИШНИНАТА ОД НИВНОТО СТРЕЛАЊЕ И ИМ ОДДАДОА ПОЧИТ ЗА НИВНАТА ХРАБРОСТ И НЕПОКОРНОСТ.






# НАСТАНИ

ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ ПРИСУСТВУВАШЕ НА ПЕТТИОТ ПО РЕД МОТО СОБИР ОРГАНИЗИРАН ОД НАШИОТ МОТО КЛУБ ТИКВЕШ РАЈДЕРС ВО МЕСНОСТА МОКЛИШТЕ.
МОТОРЏИИ И ГОСТИ ОД ЦЕЛА МАКЕДОНИЈА, СРБИЈА, БУГАРИЈА, ХРВАТСКА И БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА.



109 ГОДИНИ ТИКВЕШКО ВОСТАНИЕ



ОТВАРАЊЕ НА РЕСУРСЕН ЦЕНТАР ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ ВО РАМКИТЕ НА ПРОЕКТОТ COMACT.
ВО ПРОСТОРИИТЕ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ, ВО РАМКИТЕ НА ПРОЕКТОТ COMACT ЌЕ БИДЕ ОТВОРЕН РЕСУРСЕН ЦЕНТАР ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ. ИСТИОТ ЌЕ БИДЕ НАМЕНЕТ ПРЕД СЕ ЗА ПОДДРШКА НА ЕНЕРГЕТСКИ СИРОМАШНИТЕ ДОМАЌИНСТВА КОИ ЖИВЕАТ ВО СТАНБЕНИ ЗГРАДИ, СО ПОСЕБЕН ФОКУС НА НАЈРАНЛИВИТЕ ГРУПИ ГРАЃАНИ, А ЌЕ НУДИ ШИРОК СПЕКТАР НА УСЛУГИ КАКО ШТО СЕ СОВЕТИ, ИНФОРМАЦИИ И ДИРЕКТНИ КОНСУЛТАЦИИ.




РЕСУРСНИОТ ЦЕНТАР ЌЕ РАБОТИ ОД 08:00 ДО 16:00 ЧАСОТ.

# НАСТАНИ

ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ ОДРЖА СОСТАНОК СО Г-ДИН ОТО ГРАФ ЗАМЕНИК АМБАСАДОР И РАКОВОДИТЕЛ НА СЕКТОРОТ ЗА ЕКОНОМИЈА ВО АМБАСАДАТА НА СОЈУЗНА РЕПУБЛИКА ГЕРМАНИЈА ВО МАКЕДОНИЈА. ТИЕ РАЗГОВАРАА ЗА ДОСЕГАШНАТА И ИДНА СОРАБОТКА, ЗА ГЕРМАНСКИТЕ ИНВЕСТИЦИИ ВО КАВАДАРЦИ, АКТУЕЛНАТА ПОЛИТИЧКА СОСТОЈБА ВО ДРЖАВАТА, КАКО И СОСТОЈБАТА СО СВЕТСКАТА ЕНЕРГЕТСКА КРИЗА.



НА ГРАДСКИОТ БАЗЕН ВО КАВАДАРЦИ, СЕ ОДРЖА ПРВАТА ОБУКА ЗА НУРКАЧИ КОИ СЕ ДЕЛ ДО ПРОТИВПОЖАРНАТА ЕДИНИЦА ВО КАВАДАРЦИ. ОБУКАТА Е СО ЦЕЛ ПРАВЕЊЕ НА ТИМ ЗА ИНТЕРВЕНЦИИ И СПАСУВАЊЕ ВО ВОДА.





ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ ОСТВАРИ СРЕДБА СО ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ЗАНАЕТЧИСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА, АГРОН ФАЗЛИЈИ. НА СРЕДБАТА СЕ РАЗГОВАРАШЕ ЗА УСЛОВИТЕ, НАЧИНОТ И МОЖНОСТА ЗА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА СТАРИТЕ ЗАНАЕТИ ВО ОПШТИНА КАВАДАРЦИ, ОД БУЏЕТОТ НА ОПШТИНАТА. ЦЕЛТА Е ДА СЕ СПРЕЧИ ИЗУМИРАЊЕТО НА ОВАА ДЕЈНОСТ, ДА СЕ СТИМУЛИРА ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО, НО И ДА СЕ НЕГУВА ЛОКАЛНАТА ТРАДИЦИЈА.

ИСТО ТАКА СЕ РАЗГОВАРАШЕ ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ЛОКАЛНО ЗДРУЖЕНИЕ НА ЗАНАЕТЧИИ ВО ОПШТИНА КАВАДАРЦИ, КОЕ ЌЕ ГИ ЗАСТАПУВА ИНТЕРЕСИТЕ И ПРАВАТА НА НИВНИТЕ ЧЛЕНОВИ ПРЕД НАДЛЕЖНИТЕ ИНСТИТУЦИИ, А СЕ НАЈАВИ И ОТВАРАЊЕ НА СУВЕНИРНИЦА.



ВО ПРОГРАМАТА ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ВО ОБЛАСТА НА СПОРТ И МЛАДИ ВО 2022 ГОДИНА ВО ДЕЛОТ НА ПРОЕКТИ СЕ ПРЕДВИДУВА „ШКОЛА ЗА ПЛИВАЊЕ" СО ДЕЦА НА ВОЗРАСТ ОД 7 ДО 10 ГОДИНИ. ОД 29.06.2022 ГОДИНА (СРЕДА) НА „ГРАДСКИ БАЗЕН" КАВАДАРЦИ СЕ ОЗНАЧИ ПОЧЕТОКОТ НА ОВАА ШКОЛА.

ЗА УСПЕШНА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ШКОЛАТА ЗА ПЛИВАЊЕ СЕ АНГАЖИРАНИ ПРОФЕСОРИ ПО ФИЗИЧКО И ЗДРАВСТВЕНО ОБРАЗОВАНИЕ ОД НАШИОТ ГРАД.



# НАСТАНИ

СРЕДБА НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ ВО СВОЈОТ КАБИНЕТ, СО МИНИСТЕРКАТА ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА ЈОВАНКА ТРЕНЧОВСКА И ДИРЕКТОРКАТА НА СО ЈУМЦСР ВЕСНА ДАМЈАНОВСКА ПРЕД ВЧЕРАШНИОТ НАСТАН „ПОДАЈ РАКА И ПРОМЕНИ ЖИВОТ, СТАНИ ЗГРИЖУВАЧ" ВО СОРАБОТКА НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА И СОС ДЕТСКО СЕЛО



МИНИСТЕРКАТА ТРЕНЧЕВСКА ГО ПРОМОВИРАШЕ ПРОЕКТОТ СТАНИ ЗГРИЖУВАЧ
ЗГРИЖУВАЧКО СЕМЕЈСТВО ИМ ТРЕБА НА ДЕЦАТА КОИ НЕ МОЖАТ ДА ЖИВЕААТ И РАСТАТ СО СОПСТВЕНОТО.
КОГА ДЕЦАТА НЕ МОЖАТ ДА РАСТАТ СО СОПСТВЕНОТО СЕМЕЈСТВО, ПОТРЕБНО ИМ Е ДРУГО – ЗГРИЖУВАЧКО СЕМЕЈСТВО КОЕ ЌЕ ГИ ЗАШТИТИ И ИСПОЛНИ НИВНИТЕ ПОТРЕБИ. НА ДЕЦАТА ИМ ТРЕБАМЕ СЕГА – ПОДАЈ РАКА И ПРОМЕНИ ЖИВОТ! СТАНИ ЗГРИЖУВАЧ. ОВА Е МОТО НА ПРОЕКТОТ КОЈ ВЕЧЕРВА НА ГРАДСКИОТ ПЛОШТАД ВО КАВАДАРЦИ ГО ПРОМОВИРАШЕ МТСП НА РСМ
ЗА ВАЖНОСТА ОД РАЗВОЈ НА МРЕЖА НА ЗГРИЖУВАЧИ ГОВОРЕШЕ ГОСПОЃА ЈОВАНА ТРЕНЧЕВСКА, МИНИСТЕР ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА НА РСМ, ПОТОА ЗА РАЗВОЈОТ НА СОЦИЈАЛНИ УСЛУГИ ВО ЛОКАЛНАТА ЗАЕДНИЦА ГОВОРЕШЕ ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ КОЈ ДАДЕ СЕСРДНА ПОДРШКА НА ВАКВИТЕ АКТИВНОСТИ. ПОДДРШКА НА ЗГРИЖУВАЧИТЕ ДАДЕ И ДИРЕКТОРОТ ЗА ПРОГРАМИ И РАЗВОЈ НА СОС ДЕТСКО СЕЛО ГОСПОДИН МАРИО ЈАНЧЕВ. СОПСТВЕНИ ИСКУСТВА СПОДЕЛИЈА ЛАЗАР КРЧОВ ОД КАВАДАРЦИ И ЈАГОДА ЈАКИМОВСКА ОД СКОПЈЕ КАКО ЗГРИЖУВАЧИ КАКО И МОДЕРАТОРОТ ЦЕЦЕ НИКОЛОВСКА КОЈА ПОСОЧИ ДЕКА ДОАЃА ОД ЗГРИЖУВАЧКО СЕМЕЈСТВО. НА КРАЈ ВЕСНА ДАМЈАНОВСКА, ДИРЕКТОР НА ЦЕНТАРОТ ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА КАВАДАРЦИ ИСТАКНА ДЕКА ВО КАВАДАРЦИ ВО МОМЕНТОВ ИМА ТРИ ЗГРИЖУВАЧИ .








КАВАДАРЧАНИ ПО КОЈ ЗНАЕ КОЈ ПАТ ЈА ПОКАЖАА СВОЈАТА ХУМАНОСТ. ТРПЕЛИВО ЧЕКАЈЌИ НА РЕД И НАДЕВАЈЌИ СЕ ДЕКА ТОКМУ ЕДЕН ОД НИВ ЌЕ БИДЕ КОМПАТИБИЛЕН ДОНАТОР НА КОСКЕНА СРЦЕВИНА ЗА МАРКО ТАШЕВ, КОЈ БОЛЕДУВА ОД ИМУНОЛОШКА БОЛЕСТ.
МЕЃУ НИВ БЕШЕ И ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ КОЈ ЗА СВОЈАТА ХУМАНОСТ СЕ ЗДОБИ СО ЧЛЕНСТВО ВО МАКЕДОНСКИОТ ДАРИТЕЛСКИ РЕГИСТАР КАКО И ВО СВЕТСКАТА АСОЦИЈАЦИЈА НА ДОБРОВОЛНИ ДАРИТЕЛИ.



ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ВО СОРАБОТКА СО УНДП, ЦЕНТАРОТ ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА И АГЕНЦИЈАТА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ И ОВАА ГОДИНА АНГАЖИРА НЕВРАБОТЕНИ ЛИЦА ВО РАМКИ НА ПРОГРАМАТА ОПШТЕСТВЕНО-КОРИСНА РАБОТА . ОВАА ГОДИНА ЌЕ БИДАТ АНГАЖИРАНИ 16 ЛИЦА ОД КОИ 12 СЕ НЕГУВАТЕЛИ НА ЛИЦА СО ПОПРЕЧЕНОСТ, 1 ЛИЧЕН АСИСТЕНТ НА СРЕДНОШКОЛЦИ СО ПОПРЕЧЕНОСТ И 3 ВОЛОНТЕРИ ВО БАНКА ЗА ХРАНА.
ПРОГРАМАТА ОПШТИНСКО –КОРИСНА РАБОТА ИМ НУДИ МОЖНОСТ НА НЕВРАБОТЕНИТЕ ЛИЦА ДА ДОБИЈАТ КОРИСНО РАБОТНО ИСКУСТВО ДОДЕКА ОБЕЗБЕДУВААТ УСЛУГИ ЗА ОНИЕ КОИ СЕ НАЈМНОГУ ИЗЛОЖЕНИ НА РИЗИК ОД СОЦИЈАЛНА ИСКЛУЧЕНОСТ.
СО ОПШТЕСТВЕНО-КОРИСНА РАБОТА СЕ ПОСТИГНУВААТ ДВЕ ЦЕЛИ, ОД ЕДНА СТРАНА, СЕ ПОТТИКНУВА ВРАБОТУВАЊЕ НА ДОЛГОРОЧНО НЕВРАБОТЕНИ ЛИЦА, А ОД ДРУГА СТРАНА, СЕ СПРОВЕДУВААТ ОДРЕДЕНИ СОЦИЈАЛНИ СЕРВИСИ НА ЛОКАЛНО НИВО, КОИ ОПШТИНАТА ГИ ИДЕНТИФИКУВАЛА КАКО ПОТРЕБНИ ЗА ГРАЃАНИТЕ.





ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ВИ ПРЕТСТАВУВА ВЕБ СИСТЕМ ЗА ЕЛЕКТРОНСКА НАПЛАТА И ПРЕГЛЕД НА ДАНОК ЗА ФИЗИЧКИ И ПРАВНИ ЛИЦА И ЗА ИСТАКНУВАЊЕ НА ФИРМИ (ФИРМАРИНА).
РЕГИСТРИРАЈТЕ СЕ НА
HTTPS://DANOCI.KAVADARCI.GOV.MK/








ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ Е ПРОГЛАСЕН ЗА ЛИЧНОСТ НА ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА

ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ Е ПРОГЛАСЕН ЗА ЛИЧНОСТ НА ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА, И ДОБИ ПРИЗНАНИЕ ЗА 2022 ГОДИНА ОД ФИЛМСКИОТ ФЕСТИВАЛ НА ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА.

ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ ДОБИ ТИТУЛА- ЛИЧНОСТ НА ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА ЗА ЕКОНОМИЈА И ЕВРОПЕИЗАЦИЈА НА БАЛКАНОТ ЗА 2022 ГОДИНА. ОВАА НАГРАДА ДОАЃА ОД МЕЃУНАРОДНИОТ ФИЛМСКИ ФЕСТИВАЛ ВО КОЈ СЕ ВКЛУЧЕНИ 15 ЕВРОПСКИ ДРЖАВИ, А ОД МИНАТАТА ГОДИНА ЗА ПРВПАТ СЕ ОДРЖА И ВО ВАШИНГТОН, САД, ВО ОРГАНИЗАЦИЈА НА НЕКОЛКУ ИНТЕРНАЦИОНАЛНИ УНИВЕРЗИТЕТИ.
ОВА ПРИЗНАНИЕ ВО ПОСЛЕДНИТЕ 12 ГОДИНИ СЕ ДОДЕЛУВА ВО ПАРИЗ И БЕРЛИН, А ГО ИМААТ ПОНЕСЕНО МНОГУ ВИДНИ ЛИЧНОСТИ.

НОСИТЕЛ НА НАГРАДАТА ЕУРОПА ПРИМА ЗА ОВАА ГОДИНА Е СРПСКИОТ РЕЖИСЕР ДРАГАН БЈЕЛОГРЛИЌ. ЈАНЧЕВ ГО ПОКАНИ НЕГО НА ГОСТИ, А ВОЕДНО И ВО КАВАДАРЦИ ДА БИДАТ ПРИКАЖАНИ ПОБЕДНИЧКИТЕ ФИЛМОВИ ОД ПАРИЗ, БЕРЛИН И ВАШИНГТОН.

Општинско јавно гласило
**КАВ'ДАРЕЧКИ ИНФОРМАТОР**
**Издавач:** Општина Кавадарци - Локална самоуправа
**Уредник:** Сузана Шалева
Лилјана Митрова
**Печати:** печатница Европа 92 Кочани
**Насловна фотографија:** Тони Јошески
Тираж 500 броја
**Бесплатен примерок**

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

ул. М. Тито 66, 1430 Кавадарци, Р. Македонија
**kavadarci.gov.mk**